# *Б-1 Транзитна постапка*


***Б-1-1 Општи одредби*** ................................................................ **3**

***Б-1-2 Постапка кај појдовниот царински орган*** ....................... **4**

**Б-1-2-1 Транзитна декларација** ........................................................ 5
**Б-1-2-2 Употреба на ЕЦД-БИС и товарница** ..................................... 6
**Б-1-2-3 Постапување на главниот обврзник (застапникот)** ..................... 7
**Б-1-2-4 Постапување на појдовниот царински орган** .............................. 8
**Б-1-2-5 Пломбирање на стоката** ........................................................ 11
**Б-1-2-6 Пат на превезување на стоката** .............................................. 12
**Б-1-2-7 Пуштање на стоката во транзитна постапка** ............................ 12

***Б-1-3 Постапки во текот на превозот*** ................................... **13**

***Б-1-4 Постапка кај одредишниот царински орган*** ................. **14**

**Б-1-4-1 Запазување на роковите** ........................................................ 14
**Б-1-4-2 Проверки кај одредишниот царински орган** ............................. 15
**Б-1-4-3 Завршување на транзитната постапка кај граничните царински испостави** ........................................................ 16
**Б-1-4-4 Завршување на транзитната постапка кај внатрешните царински испостави** ........................................................ 16
**Б-1-4-5 Потврда за поднесување** ........................................................ 16
**Б-1-4-6 Завршување на транзитната постапка во случај на утврдени неправилности - Разлика** ........................................................ 17
**Б-1-4-7 Завршување на транзитната постапка кај друга одредишна царинска испостава** ........................................................ 18

***Б-1-5 Потврдување на завршувањето на постапката*** .......... **18**

**Б-1-5-1 Постапување на одредишниот царински орган** ......................... 18
**Б-1-5-2 Постапување на појдовниот царински орган** ............................ 20

***Б-1-6 Проверка на завршување на постапката*** ..................... **21**

**Б-1-6-1 Дејствија во појдовниот царински орган** .................................. 21
**Б-1-6-2 Дејствија во одредишната царинска испостава** ......................... 22

***Б-1-7 Дејствија во појдовната царинска испостава во случај кога одредишната царинска испостава не го потврдува приемот на стоките...................................................... 23***

**Б-1-7-1 Формирање на комисија** .................................................................... 23

**Б-1-7-2 Алтернативни докази од страна на главниот обврзник**............... 23

**Б-1-7-3 Одлучување на комисијата**............................................................... 24

**Б-1-7-4 Постапка во случај стоката да не е ставена на увид во одредишниот царински орган** ........................................................ 25

***Б-1-8 Дополнителна проверка.................................................. 25***

***ПРИЛОЗИ:***

***ПРИЛОГ А - Спецификација .................................................... 26***

***ПРИЛОГ Б - Пократки времиња за транзитна постапка..... 26***

***ПРИЛОГ В - Известување........................................................ 29***

***ПРИЛОГ Г - Барање (испитна постапка)................................ 30***

***ПРИЛОГ Д - Потсетник (за испратено барање)..................... 31***

***ПРИЛОГ Ѓ - Дополнителна проверка...................................... 32***

***ПРИЛОЗИ од УСЦЗ:***

***ПРИЛОГ 17 УСЦЗ - Збирна декларација.................................. 34***

***ПРИЛОГ 28 УСЦЗ - Стока со поголем ризик од измама........ 34***

***ПРИЛОГ 33 УСЦЗ - Објснувачки забелешки за товарница.... 34***

***ПРИЛОГ 34 од УСЦЗ - Товарница............................................. 38***

***ПРИЛОГ 35 од УСЦЗ - Карактеристики на пломбите........... 39***

***ПРИЛОГ 36 од УСЦЗ - ТЦ11 - Потврда .................................. 40***

## Б-1 Транзитна постапка

Транзитна постапка претставува царинска постапка со која царинскиот орган одобрува движење на стока од едно до друго место во рамките на царинското подрачје на Република Македонија.

Во транзитна постапка може да се стави:

- странска стока која со ставањето во оваа постапка не подлежи на плаќање на увозни давачки и други давачки или на мерки на трговската политика за пуштање во слободен промет

или

- домашна стока за која е спроведена извозна постапка, само во случаите кога тоа изречно е пропишано (на пример: извоз на акцизна стока (види Упатство В1 - Постапка на извоз), односно стока со поголем ризик од измами од Прилог 28 од УСЦЗ.

Движењето на стоката се врши со царинска декларација.

Транзитната постапка се заснова на обврската на носителот на транзитната постапка - главниот обврзник да ја заврши транзитната операција. Одговорноста на главниот обврзник вклучува и обезбедување на гаранција со која ќе се покрие евентуалниот царински долг и другите давачки кои може да настанат во врска со стоката, како и ставање на стоката во непроменета состојба кај одредишниот царински орган во пропишаниот рок.

*Правна основа*

Царински закон: член 105-109.
Уредба за спроведување на Царинскиот закон: член 219-310.

## Б-1-1 Општи одредби

Предмет на ова упатство е движето на стоката меѓу било кои две места на царинското подрачје на Република Македонија согласно со транзитната постапка пропишана со Царинскиот закон.

*ЦЗ член 105*

Транзитна постапка може исто така да се врши:

- согласно со постапката со ТИР карнет пропишана со ТИР конвенцијата;
- согласно со постапката со АТА карнет, кога тој се користи како транзитен документ;
- согласно со постапката со образец 302 (НАТО), односно со НАТО/КФОР Сертификат;
- по пошта.;
- со поедноставена постапка со статус на овластен испраќач, односно овластен примач;

- со поедноставена постапка согласно видот на превозот (железница, воздушен пат, воден пат, цевовод или електрични водови)

Спецификите на овие посебни транзитни постапки се предмет на други посебни упатства од соодветната област.

Во ова упатство подетално се определени поимите и активностите во врска со транзитната постапка кај појдовниот царински орган, одредишниот царински орган и постапките во текот на превозот.

*УСЦЗ член 219*

Поими кои често се користат во ова упатство го имаат следново заначење:

"*појдовен царински орган*" е царински орган каде се прифаќаат декларациите за ставање на стоката во постапка на транзит;

"*одредишен царински орган*" е царински орган каде стоката ставена во постапка на транзит треба да се стави на увид за да се заврши постапката;

"*гарантен царински орган*" е царинскиот орган определен за поднесување на гаранциите кои ги дава гарантот.

Појдовен, односно одредишен царински орган може да биде било која гранична или внатрешна царинска испостава.

## Б-1-2 Постапка кај појдовниот царински орган

Транзитната постапка започнува со ставање на стоката на увид и поднесување на транзитна декларација од страна на главниот обврзник кај појдовниот царински орган во писмена форма.

Стоката која се внесува во царинското подрачје по правило се смета за странска стока и таа по ставањето на увид кај граничничниот царински орган по правило се става во транзитна постапка.

Пред да започне движење на стока од внатрешна царинска испостава потребно е да се утврди каков е царинскиот статус на стоката со цел да се утврди дали за неа треба да започне транзитна постапка. Транзитна постапка во внатрешна царинска испостава започнува во следните случаи:

- кога се пренапатува преостанатата стока која не е увозно царинета до други одредишни царински органи (внатрешни или гранични царински испостави);
- по постапка на повторен извоз (на пример: во случај на завршување на постапка на увоз за облагородување со системот на одложено плаќање или завршување на постапка на складирање);

- по постапка на извоз, само во случаите кога тоа е пропишано (на пример: извоз на стока со поголем ризик од измама од Прилог 28 од УСЦЗ).

Во други случаи, по завршена постапка на извоз на домашна стока по правило не започнува транзитна постапка. (За повеќе детали види во Упатството В1 - Извозна постапка);

## Б-1-2-1 Транзитна декларација

Транзитната декларација, односно сетот на образецот **ЕЦД за транзит**, се состои од листовите со **број 1, 4 и 5**. Транзитната декларација, односно сетот на образецот ЕЦД за транзит се пополнува согласно ЕЦД прирачникот.

Во случаите кога транзитната постапка се врши со ТИР карнет не се поднесува и ЕЦД за транзит.

Во определени случаи во транзитната декларација, сетот на образецот ЕЦД за транзит, **се пополнува и рубриката 33 - тарифна ознака** и тоа кога:

- транзитната декларација опфаќа стока со поголем ризик од измами наведена во Прилог 28 на Уредбата,
- транзитната декларација следува после извозна царинска декларација во која е запишана тарифна ознака за стоката (заедничка извозно транзитна постапка),
- декларацијата е изготвена од истото лице во истото време со царинска декларација во која е запишана тарифна ознака за стоката, кога тоа е посебно пропишано;

*УСЦЗ член 230*

Транзитната декларација може да опфаќа само стока натоварена на едно транспортно средство, при што како едно транспортно средство се смета:

- патно возило со својата приколка/приколки или полу-приколка/полуприколки;
- композиција на поврзани железнички патнички или товарни вагони;
- контејнери натоварени на едно транспортно средство.

За транзитна постапка која започнува кај гранична царинска испостава се поднесува само едно ЕЦД за транзит до првиот одредишен царински орган.

За транзитна постапка за стоката на едно превозно средство која започнува кај внатрешна царинска за стока, а која не е увозно царинета, може да се поднесе едно или повеќе ЕЦД за транзит за повеќе одредишни царински органи.

Во случаите на повторен извоз на странска стока или извоз на домашна стока за која е пропишана примена на транзитна постапка за изнесување од царинското подрачје може да се поднесе едно или повеќе ЕЦД за извозна и транзитна постапка за стоката на едно превозно средство.

Доколку за стоката натоварена на едно превозно средство се поднесуваат повеќе ЕЦД за транзит кон декларациите се поднесува и Спецификација на сите поднесени царински декларации за предметното превозно средство. Примерок на образецот на оваа спецификација е даден Прилог А на ова упатство, заедно со објаснувањето за пополнување на спецификацијата.

Во случај на заедничка извозно - транзитна постапка и покрај тоа што постојат заеднички сетови на ЕЦД за извозната и транзитната постапка, секој сет на ЕЦД поединечно се заведува и во двата соодветни контролника. Во овој случај по регистрирањето во контролникот за извоз се врши креирање на транзитна декларација, а со тоа и регистрација во контролникот за ставање во транзитна постапка при што се пополнуваат следните рубрики:

| Рубрика | Податоци што се внесуваат во извозно транзитно ЕЦД |
|---|---|
| **А** | Прв ред:<br>Се запишува шифрата од кодексот на шифри и името на појдовниот/извозниот царинскиот орган<br>Трет ред:<br>Се запишува ***бројот од контролникот за прифаќање на извозни декларации К37 и*** датум на прифаќање на царинската декларација, потпис И факсимил на царинскиот службеник |
| **Б** | Во горниот дел се запишува ***бројот од соодветниот контролник за извозни постапки (К33, К34 или К35)*** и датумот на утврдување |
| **В** | Во горниот дел се запишува шифрата од кодексот на шифри и името на појдовниот царинскиот орган каде започнува транзитната постапка<br>Во долниот дел се запишува бројот под кој ЕЦД е регистриран во ***контролникот за ставање на стока во транзитна постапка К1*** и датумот на прифаќање на царинската декларација, како и потпис и факсимил на царинскиот работник како и печат на појдовниот царински орган |

## Б-1-2-2 Употреба на ЕЦД-БИС и товарница

ЕЦД-БИС може да се употребува кога се работи за повеќе од едно наименување и кога непостои доволно место за давање на сите потребни детали за стоката.

*УСЦЗ член 231* Наместо ЕЦД-БИС, како описен дел на транзитната декларација може да се искористи товарница, чиј образец е даден во Прилог 34 од УСЦЗ со упатство за пополнување дадено во Прилоги 33 од УСЦЗ. Царинскиот орган може да одобри како товарница да се користи и користи и друг комерцијален документ (пакинг листа, испратница, фактура, итн.) кој содржи доволно детален опис на стоката и ги содржи податоците од образецот даден во Прилог 34 на УСЦЗ. Кон образецот на ЕЦД за транзит може да се приложи или само товарница или еден или повеќе обрасци ЕЦД-БИС.

Кога се користи товарница се прецртуваат рубриките 15 (Земја на поаѓање / извоз), 32 (број на наименување), 33 (тарифна ознака), 35 (бруто маса (кг)), 38 (нето маса (кг)), 40 (збирна декларација / претходен документ), и кога е потребно, 44 (дополнителна информација, издадени документи, уверенија и одобренија) од транзитната декларација.

Во овој случај рубриката 31 (пакување и опис на стока) не се употребува за запишување на ознаки, броеви, број и вид на пакување или опис на стока, туку се наведува забелешка "ВИДИ ТОВАРНИЦА". Повикувањето на серискиот број на секоја различна товарница треба да биде вметнат во рубрика 31 (пакување и опис на стока) од транзитната декларација, а вкупниот број на товарници се запишува во рубрика 4 од ЕЦД.

Товарницата е составен дел од транзитната декларација, и го носи истиот број како и транзитната декларација при запишувањето во евиденцијата. Појдовниот царински орган на товарницата го впишува бројот на транзитната декларација, датумот и ја заверува со службен печат.

## Б-1-2-3 Постапување на главниот обврзник (застапникот)

На појдовниот царински орган главниот обврзник (застапникот) мора да ги достави следните документи:

- ЕЦД сет за транзит, правилно пополнети. Доколку се користат ЕЦД БИС или товарница, и тие мора да се приложат кон ЕЦД (Товарница се приложува во три примероци, односно за секој лист на ЕЦД 1, 4 и 5);
- Соодветен доказ за обезбедување на царинскиот долг (кога тоа се бара).

*УСЦЗ член 236*

- Кон транзитната декларација се приложува транспортен документ. Појдовниот царински орган може да не бара приложување на овој документ во моментот на спроведување на формалностите. Меѓутоа, транпортниот документ се става на увид на барање на царинскиот орган или на друг надлежен орган во текот на самиот превоз.

- Документ во врска со претходната царинска постапка (доколку имало);
- Други документи на барање на царинскиот орган, а посебно:
  1. транспортните дозволи (За повеќе детали види во Упатството Б5 - Транспортни дозволи),
  2. дозволи и други документи поврзани со мерките на трговската политика кои важат за внесување или за изнесување на стоки (за повеќе детали види во Упатството А-5 - Мерки на трговска политика)
  3. потврда за обележување при увоз на екстра лесно гориво за греење и керозин (за повеќе детали види во Упатството за Акцизи).

Транзитната декларација треба да биде потпишана од главниот обврзиник, односно од неговиот застапник. Во случај на општа гаранција и поднесени Потврда за општа гаранција ТЦ-31 или Потврда за изземање на гаранција ТЦ-33 транзитната декларација во рубриката 50 на ЕЦД треба да е потпишана од овластено лице наведено на задната страна од овие потврди.

## Б-1-2-4 Постапување на појдовниот царински орган

Појдовниот царински орган:

- Проверува дали ЕЦД сетот за транзит (листовите 1, 4 и 5) е правилно пополнет и дали кон ЕЦД се приложени (кога тоа се бара) ЕЦД БИС или товарница;
- Ги проверува транспортните и другите придружни документи;
- Ги проверува документите што се однесуваат на претходни царински постапки (ако ги има);
- Ги проверува транспортните дозволи и другите потребни дозволи и документи (на пример извозните дозволи или други слични документи поврзани со мерките на трговска политика).

Во поглед на обезбедување на царинскиот долг, појдовниот царински орган проверува:

- Дали приложениот инструмент за обезбедување на евентуалниот царински долг е валиден;
- Дали податоците за инструментот за обезбедување на царинскиот долг од рубрика 52 на ЕЦД се совпаѓаат со приложените документи за обезбедување на царинскиот долг;
- Дали инструментот за обезбедување на царинскиот долг гласи на име на главниот обврзник наведен во рубрика 50 на ЕЦД,
- Во случај на општа гаранција и поднесени Потврда за општа гаранција ТЦ-31 или Потврда за изземање на гаранција ТЦ-33 проверува дали транзитната декларација во рубриката 50 на ЕЦД е

потпишана од овластено лице наведено на задната страна од овие потврди.

- Дали гаранцијата или Потврдите ТЦ-31, ТЦ-33 се во важност;

За повеќе детали види во Упатството Б2 - Гаранции во транзитна постапка.

Појдовниот царински орган ја прифаќа транзитната декларација под услов:

- да ги содржи сите потребни податоци (да е пополнета според ЕЦД прирачникот);
- да се приложени сите потребни документи (согласно царинските прописи и прописите со кои се уредуваат пропишаните мерки на трговска политика);
- стоката наведена во декларацијата да е ставена на увид кај појдовниот царински орган;
- описот на стоката даден во рубрика 31 од ЕЦД за транзит или товарницата да е доволно детален за да овозможи потполна идентификација на стоката.

| **Услови кога се смета дека описот не овозможува идентификација на стоката** | |
|---|---|
| 1 | Описот е двосмислен. |
| 2 | Дадени се воопштени трговски називи<br>(на пример: разна стока, царинска стока, техничка стока, телевизори, текстилни производи, железарија) |
| 3 | Нема јасно назначени идентитетот на стоката, тип, модел, итн.<br>(на пример: наместо свилени женски блузи, стои блузи; наместо тоалетна вода"ПАРИЗ", стои тоалетна вода; наместо телевизор "SAMSUNG" PS-42V6", стои телевизор "SAMSUNG"; наместо волнени капути, стои капути; наместо поцинкувани завртки М10 стои завртки; наместо ПМВ Opel Corsa 1.0 i 12V, 40KW бр.шасија WOL000073V6149411 бр. мотор X10XE/1906688, стои ПМВ Opel) |
| 4 | Доколку трговскиот назив не содржи карактеристики кои се суштински за да може да се утврди квалитетот и вредноста на стоката (на пример, година на производство, дали стоката е употребувана, состав, податоци за поважни технички карактеристики, итн.). |
| 5 | Описот на стоката да не овозможува нејзина класификација во однос на примената на одредени забрани и ограничувања поврзани со мерките на трговска политика. |

*УСЦЗ член 233*

Појдовниот царински орган ја прифаќа транзитната декларација, ја запишува во евиденција и пропишува рок до кога стоката треба да се стави на увид кај одредишниот царински орган.

Рокот се определува земајќи ги предвид правецот на движење, сите важечки транспортни или други законски прописи, и кога тоа е потребно, податоците доставени од главниот обврзник.

Ориентационо време потребно за извршување на транзитни операции е 24 часа. Пократки ориентациони времиња наведени во Прилог Б од ова упатство се одредуваат за извршување на транзитни операции во случаите кога се работи за стоки со поголем ризик од измами од Прилог 28 на УСЦЗ или други поединични случаи кога царинскиот орган ќе оцени дека тоа е оправдано.

*ЦЗ член 78*

По прифаќањето на транзитната декларација, врз основа на анализата на ризици, појдовниот царински орган може да ги изврши следните контроли:

- контрола на транзитната декларација и приложените документи;
- преглед на стоката и (ако е потребно) земање на мостри;
- детален преглед на стоката.

Во случаите кога ќе биде определено дека е потребен преглед на стоката од големо значење се претходно преземените активности и мерки од страна на превозниците кои би овозможиле забрзан, поквалитетен и поефтин преглед. Тоа би се постигнало со уредно палетирани, подредени, сортирани и распоредени стоки во превозното средство. Ценејќи ја потребата за оптимално искористување на просторот во превозните средства, како и сигурноста и безбедноста во сообраќајот, а во зависност од видот на стоката која се превезува треба во претходно преземените активности и мерки, да се земе предвид пристапноста во просторот во кој се прегледуваат стоките (оставање на коридори за пристап, подготовки за делумна манипулација со стоките итн.) Непреземањето на вакви претходни активности и мерки носи ризик од зголемено време на спроведување на царинските постапки, растовар на стоката и слично при што се можни застои заради поголемо време потребно за преглед, зголемени финансиски трошоци и ангажман на човечки ресурси.

*ЦЗ член 79*

Сето ракување неопходно за преглед на стоката или земање мостри или евентуалниот превоз на стоката до друго место за преглед (во случај таква мерка да биде определена од царинскиот орган заради непостоење на соодветни услови во местото на ставање на увид) го врши главниот обврзник или се врши од друго лице на негова одговорност. При тоа сите евентуално настанати трошоци се на товар на главниот обврзник.

Појдовниот царински орган во рубрика Г на ЕЦД - то за транзит внесува:

- резултат од извршениот преглед на стоката;
- бројот на ставени царински пломби и нивни идентификациски ознаки

- рок до кога стоката треба да се стави на увид кај одредишниот царински орган;
- потпис и факсимил на царинскиот службеник / службеници кои го извршиле прегледот / пломбирањето;
- печат на појдовниот царински орган.

Листот број 1 од сетот на образецот ЕЦД за транзит го задржува појдовниот царински орган како архивски оргинален документ кон кого се приложени сите потребни документи.
Листовите со број 4 и 5 ја придружуваат стоката до одредишниот царински орган.

## Б-1-2-5 Пломбирање на стоката

*УСЦЗ член 234*

По правило, стока која се става во транзитна постапка не се пушта доколку не е пломбирана.

Пломбите ги имаат карактеристиките дадени во Прилог 35 од УСЦЗ.

Во случај да на транспортното средство или на стоката постојат царински пломби на странски царински органи, појдовниот царински орган задолжително става и македонска царинска пломба.

Се пломбира просторот во кој што се наоѓа стоката, кога транспортните средства се погодни за пломбирање.

Транспортните средства може да се прифатат како погодни за пломбирање под услов:

а) пломбите да може да се наместат на нив на едноставен и ефикасен начин;

б) да се така конструирани за стоката да не може да биде отстранета или внесена без да се оставаат видливи траги или без да се оштетат пломбите;

в) да не содржат скришни простори каде што може да се скрие стоката;

г) просториите наменети за товарот да се лесно пристапни за проверка од страна на царинскиот орган.

| Проверки кои се вршат пред ставање на царинската пломба | |
|---|---|
| 1 | Дали церадата е скината |
| 2 | Дали сајлата е правилно зашнирана и оптегната во соодветните окца |
| 3 | Дали сајлата е скината |
| 4 | Дали шарките на вратите се изведени така што истите неможе да бидат отворени без видливи оштетувања |
| 5 | Дали ушките на кои се врши пломбирање се прицврстени така што истите неможе да бидат отстранети без видливо оштетување. (да не се прицврстени со обични штрафови) |
| 6 | Состојбата на патосот и страниците |

Доколку транспортното средство не е погодно за пломбирање, се пломбира секој колет поединечно.

По ставањето на пломбата царинскиот службеник проверува дали пломбата е добро ставена.

*УСЦЗ член 235* По исклучок, во посебно оправдани случаи, појдовниот царински орган може да се откаже од пломбирање имајќи ги предвид другите можни мерки за идентификација доколку стоката може веднаш и лесно да се идентификува според нејзиниот опис даден во транзитната декларација или во придружните документи.

Се смета дека со описот на стока може да се идентификува стоката кога тој е доволно прецизен за да обезбеди лесно да се идентификува количината и видот на стоката.

Кога појдовниот царински орган се откажува од пломбирање во транзитната декларација спроти насловот "ставени пломби" од рубрика "Г.Контрола од појдовниот царински орган" ја запишува забелешката: "*Непломбирано*".

Царинските пломби можат да се отстранат само со дозвола на надлежните органи.

## Б-1-2-6 Пат на превезување на стоката

*УСЦЗ член 232* Стоката ставена во транзитна постапка се превезува до одредишниот царински орган по економски оправдан пат.

За стока со зголемен ризик од измами која што се наоѓа на списокот во Прилогот 28 од УСЦЗ, или кога царинскиот орган или главниот обврзник смета дека тоа е потребно, појдовниот царински орган го пропишува правецот на движење наведувајќи ги потребните податоци во рубрика 44 од транзитната декларација земајќи ги предвид сите податоци доставени од главниот обврзник.

## Б-1-2-7 Пуштање на стоката во транзитна постапка

Стоката се пушта во транзитна постапка откако ќе се завршат формалностите кај појдовниот царински орган, а тоа се:

- прием и евидентирање на декларацијата;
- контрола на декларацијата и преглед на стоката (не е неопходно)
- контрола на инструментот за обезбедување на царинскиот долг;
- определувањето на рокот за ставање на стоката на увид кај одредишниот царински орган;
- определување на пропишаниот пат (кога тоа е потребно);
- обезбедување на идентичност на стоката (вклучувајќи и пломбирање).

Листовите број 4 и 5 од ЕЦД сетот за транзит, кон која евентуално се приложени товарницата и дополнителни листи прикачени кон неа, се комплетираат и се обележуваат со печат на појдовниот царински орган, на начин што ќе оневозможи замена на документите, и му се даваат на главниот обврзник (застапникот).

## *Б-1-3 Постапки во текот на превозот*

Превозникот за време на превозот не смее да го напушти економски оправданиот пат до одредишниот царински орган, односно пропишаниот правец на движење. Сите евентуални застанувања за време на превозот треба да бидат од оправдани причини на места кои се предвидени и соодветно организирани за таа намена (на пример: бензинска пумпа, паркинг и слично).

*УСЦЗ член 238*

Во посебни случаи за долунаведените настани за време на превозот, превозникот треба да ги внесе потребните податоци во листовите број 4 и број 5 од транзитната декларација, и да ги стави на увид заедно со пратката на царинскиот орган кој е најблиску до местото каде се наоѓа транспортното средство:

а) доколку се смени пропишаниот правец на движење и доколку се применуваат одредбите од член 232 став (2) од Уредбата;

б) доколку пломбите се оштетат во текот на транспортната операција од причини кои се надвор од контрола на превозникот;

в) доколку стоката се претовара на друго транспортно средство. Секое такво претоварање треба да се направи под надзор на царинскиот орган, кој може сепак да одобри претовар без негов надзор;

г) во случај на директна опасност, која бара итно делумно или целосно истоварање на транспортното средство;

д) кога заради било каков инцидент или незгода главниот обврзник или превозникот не е во состојба да ги исполни обврските.

Кога царинскиот орган смета дека предметната транзитна операција може да продолжи по редовен пат, тој ги превзема сите потребни мерки, а потоа ја заверува рубриката Е од листот број 4 и број 5 од транзитната декларација.

Доколку пломбите се оштетат во текот на транспортната операција од причини кои се надвор од контрола на превозникот, надлежниот орган (на пример, најблискиот царински орган) врши преглед на стоката и возилото. Ако надлежниот орган утврди дека транзитот може да продолжи, утврденото го запишува во рубрика 56 на ЕЦД, става нови пломби и нив ги запишува во рубриката Е од ЕЦД и промената ја потврдува со службен печат.

Во случај кога стоката се претовара на друго транспортно средство, податоците за претоварот се пополнуваат во рубрика 55 од листовите 4 и 5 на ЕЦД. Превозникот ги запишува податоците рачно со хемиско средство за пишување и големи печатни букви. Царинскиот орган ја пополнува рубрика Ѓ на листовите 4 и 5 на ЕЦД. Кога се работи за повеќе од две претоварања и рубриката Ѓ е поради тоа веќе пополнета, потребните информации се запишуваат во рубриката 56 од ЕЦД. Промената се потврдува со запишување на вкупниот број и ознаките на ново ставените царински обележја, печат на надлежниот царински орган, потпис и факсимил на одговорниот царински работник.

Во случај на непосредна опасност која бара итен делумен или целосен растовар на транспортното средство, превозникот веднаш ги известува надлежните органи за растоварањето (на пример, најблискиот царински орган, полиција....) и тоа го запишува во рубриката 56 од листовите 4 и 5 од ЕЦД. Надлежниот орган ја пополнува рубриката Е од листовите 4 и 5 од ЕЦД и ја потврдува промената со службен печат.

Во случај да се замени само влечното возило и стоката не се претовари, регистрацијата и државата на влечното возило се внесуваат во рубриката 56 од листовите 4 и 5 од ЕЦД. Внесувањето го прави превозникот, а потврдување на измената од царинскиот орган не е потребна.

## *Б-1-4 Постапка кај одредишниот царински орган*

Стоките заедно со листовите бр. 4 и 5 се ставаат на увид во одредишната царинска испостава веднаш по завршувањето на транзитната операција, односно по нивното пристигнување кај одредишниот царински орган.

### Б-1-4-1 Запазување на роковите

Ставањето на увид кај одредишниот царински орган мора да се случи во временскиот рок определен од појдовниот царински орган.

Во случаите кога транзитната операција ќе заврши надвор од работното време на внатрешните царински испостави како ставање на увид на стоката ќе се смета запишувањето во евиденцијата на држателот на царинскиот терминал, а соодветната царинска документација мора да се поднесе во царинската испостава веднаш по започнувањето на работното време на царинските органи.

*УСЦЗ член 233* Кога стоката се става на увид кај одредишниот царински орган по истекот на рокот пропишан од појдовниот царински орган и кога

незапазувањето на рокот се должи на околности кои му се објаснети на царинскиот орган и кои се прифатени од него, а не може да му се припишат на превозникот или главниот обврзник, се смета дека главниот обврзник го запазил пропишаниот рок.

| **Примери на докази за оправдани околности за доцнењето :** |
|---|
| 1. потврда од издадена од полициските органи (во врска со сообраќајна незгода, кражба, ...)<br>2. потврда за извршена поправка на дефект на возилото;<br>3. друг очигледен доказ со кој се оправдува задоцнувањето (блокиран патен правец, и слично) |

Одредишната царинска испостава одлучува за валидноста на доказот. Во случај кога царинскиот орган нема да ги прифати поднесените докази потребно е да се започне постапка за царински прекршок согласно Царинскиот закон.

Во случаите кога е надминат пропишаниот рок за завршување на транзитната постапка по правило се изврши детална контрола на возилото и на стоката.

## Б-1-4-2 Проверки кај одредишниот царински орган

По ставањето на увид на стоките и документите кај одредишниот царински орган, треба да се утврди дали одредбите за транзитната постапка се исполнети а потоа соодветно да се заведат транзитните документи.

Царинскиот орган треба:

- да провери дали листовите број 4 и 5 од ЕЦД сетот за транзит заедно со сите документи кои ја обезбедуваат идентичноста на стоката се комплетирани и се обележани со печат на појдовниот царински орган, на начин што оневозможува замена на документите, односно дали некој документ е отстранет или заменет од комплетираните документи;
- да ги спореди меѓусебе податоците од листот бр. 4 и листот бр. 5 од ЕЦД;
- во рубриката З на ЕЦД за транзит во листовите бр. 4 и 5 го запишува датумот на пристигнувањето на стоката во одредишниот царински орган;
- да ја провери состојбата на пломбите;
- да изврши преглед на стоката. Применувајќи го системот на анализа на ризик царинскиот орган може да определи кои пратки и во кој обем ќе бидат прегледани.
- утврдената состојба на царинските обележја и стоката се забележува во рубриката З и тоа со зборот "СЕ СОВПАЃА" ако нема забелешки, односно со зборот "РАЗЛИКА", ако се утврди разлика во

количината на стоката. Во случај на разлика, се наведува и начинот како била утврдена разликата (при прегледот, врз основа на документи), и предложените мерки во тој случај.

## Б-1-4-3 Завршување на транзитната постапка кај граничните царински испостави

Завршување на транзитната постапка кај одредишна гранична царинска испостава се врши по ставањето на стоката на увид со евидентирање во Контролникот за завршување на транзитна постапка К2.

## Б-1-4-4 Завршување на транзитната постапка кај внатрешните царински испостави

Во случаите кога транзитната постапка завршува кај одредишна внатрешна царинска испостава во која не се користи електронскиот контролник за завршување на транзитна постапка К2 (во МАКЦИС, ASYCUDA, MODTRS) транзитната постапка завршува со ставањето на стоката на увид на одредишниот царинскиот орган истото се евидентира во Контролникот за ставање на увид на стока К28, (За повеќе детали види во Упатството за Контролници при спроведување на царинските формалности).

Со ставањето на стоката на увид и завршувањето на транзитната постапка се поднесува збирна декларација и истовремено започнува привремено чување на стоката. Збирната декларација е во форма на примерок од транзитната декларација наменета за одредишниот царински орган. Во случај на повеќе примачи на стоката во транзитна постапка по правило се изготвува збирна декларација на образецот даден во Прилог 17 од УСЦЗ.

Рокот за поднесување на збирна декларација, односно за барање за определено царински дозволено постапување или употреба на стоката, е првиот работен ден по денот кога стоката е ставена на увид кај царинскиот орган.

## Б-1-4-5 Потврда за поднесување

*УСЦЗ член 240* Одредишниот царински орган на барање на лицето кое ги поднесува листот број 4 и број 5 од транзитната декларација му издава потврда.

*УСЦЗ Прилог 36* Потврдата се издава на посебно пропишан образец ТЦ- 11 даден во Прилог 36 од УСЦЗ. Потврда може да се изготви и на позадината од листот број 5 од транзитната декларација (Забелешка за потврда на прием).

Странката однапред ја пополнува потврдата.

Таа може да содржи и други податоци во врска со пратката, освен во просторот кој е резервиран за одредишниот царински орган. Потврдата не се употребува како доказ дека постапката е завршена во смисла на член 242 став (2) од УСЦЗ, туку служи како известување на главниот обврзник дека превозникот ја ставил на увид стоката кај одредишниот царински орган. Оваа потврда може да има значајна улога доколку појдовниот царински орган не го добие потврдениот лист број 5. Врз основа на потврдата за поднесување појдовниот царински орган може да бара од одредишниот царински орган да му го испрати потврдениот лист број 5 од ЕЦД-то за транзит.

Царинскиот службеник кој ја оверува потврдата треба да провери:

- дали е употребена пропишаната форма за издавање на потврда;
- дали потврдата е јасно и читливо пополнета;
- дали е точно пополнета;
- дали има околности заради кои не треба да се издаде потврдата (на пример нерелевантни податоци се наведени во просторот наменет за царинските органи или постојат утврдени неправилности итн).

## Б-1-4-6 Завршување на транзитната постапка во случај на утврдени неправилности - Разлика

Во случај на утврдени неправилности - разлика, царинскиот орган:

- ја регистрира царинската декларација во евиденцијата во соодветниот контролник во внатрешната или граничната царинска испостава;
- со наведувањето на бројот во соодветната рубрика на ЕЦД ја запишува и забелешката "РАЗЛИКА";
- утврдените неправилности ги наведува во рубрика З на задната страна од листовите бр. 4 и 5 од ЕЦД по делот "забелешки" или во прилог изготвува посебен записник за наод;
- доколку се утврди дека е настанат царински и/или даночен долг треба да се започне постапка за негова наплата (за повеќе детали види во Упатството Б3 - Царинскиот долг во транзитна постапка)
- доколку е сторен царински прекршок се изготвува записник и се започнува водењето на прекршочна постапка.

Доколку пломбите се оштетени или отстранети од неовластени лица, одредишниот орган врши преглед на стоката. Ако фактичката состојба се совпаѓа со наведеното во транзитнат декларација и другите придружни документи, одредишниот царински орган го запишува само утврденото оштетување или отстранување во рубриката З од листовите 4 и 5. При тоа се изготвува записник и се започнува и водење на прекршочна постапка.

Кога одредишниот царински орган ќе утврди неусогласеност помеѓу количината на стоката декларирана во транзитниот документ и стоката која фактички е ставена на увидат царинската декларација се

регистрира, а во рубрика 3 од листовите 4 и 5 по делот "забелешки" се запишува:
″РАЗЛИКА: ВИШОК:.............................″ или
"РАЗЛИКА: НЕДОСТАТОК .......................................",
"ОПИС НА СТОКА: ....................................."
Понатамошните царински постапки се извршуваат врз основа на фактичката состојба заради утврдување на неусогласеност кај одредишниот царински орган. По запишувањето на забелешките одредишниот царински орган го враќа листот со број 5. При тоа за соодветните случаи за кои е сторен прекршок се изготвува записник и се започнува и водење на прекршочна постапка.

Кога одредишниот царински орган ќе утврди неусогласеност помеѓу податоците од листовите 4 и 5 од транзитната декларација и фактичкката состојба, царинската декларација се регистрира, а во рубрика 3 од листовите 4 и 5 по делот "забелешки" се запишува:
″РАЗЛИКА: рубрика:.............................″
По запишувањето на забелешките одредишниот царински орган го враќа листот со број 5. При тоа за соодветните случаи за кои е сторен прекршок се изготвува записник и се започнува и водење на прекршочна постапка.

### Б-1-4-7 Завршување на транзитната постапка кај друга одредишна царинска испостава

*УСЦЗ член 239*

Транзитната операција може да се заврши и во царински орган различен од оној кој е наведен во транзитната декларација. Тој царински орган тогаш станува одредишен царински орган.

Кога новиот одредишен царински орган е различен од оној кој првобитно бил одреден, новиот одредишен царински орган, покрај вообичаените забелешки кои е должен да ги стави, во рубриката "З - Контрола на одредишниот царински орган" на листот број 5 на транзитната декларација ја внесува забелешката: "*Разлики: Царински орган каде стоката е ставана на увид* (назив и шифра) ".

Во овој случај подносителот мора да даде образложение за причините за промена на дестинацијата.

Царинскиот орган по правило врши проверка на возилото / стоките.

## *Б-1-5 Потврдување на завршувањето на постапката*

### Б-1-5-1 Постапување на одредишниот царински орган

Одговорниот царински работник кај одредишниот царински орган во вториот дел на рубриката З од ЕЦД за транзит запишува:

- шифра на одредишниот царински орган од кодексот на шифри, како и бројот и датумот од контролникот под кој е евидентиран ЕЦД кај одредишниот царински орган;
- датум на испраќање на потврдата на прием;
- потпис и факсимил на одговорниот царински работник и печат на одредишниот царински орган.

*УСЦЗ член 241*

Одредишниот царински орган го враќа листот број 5 од транзитната декларација на појдовниот царински орган без одлагање, а најдоцна во рок од еден ден од денот на завршување на постапката.
Одредишната царинска испостава ќе го задржи листот со број 4 од ЕЦД заедно со придружните документи во својата евиденција.

| **Административни забелешки наменети само за царинските органи** |
|---|
| 1. Во одредишната царинска испостава и тоа на крајот на смената кај граничните царински испостави, односно на крајот на работниот ден кај внатрешните царински испостави потребно е да се изготви соодветен компјутерски извештај во два примерока (Дефиниран извештај 691 за граничните царински испостави за сите раздолжени транзитни постапки и дефинирани извештаи 742 и 743 во внатрешните царински испостави за сите раздолжени транзитни постапки).<br>2. Извештајот се изготвува и се дели по секоја поединечна појдовна царинска испостава и секој поединечен дел се заверува со печат на одредишниот царински орган, факсимил и потпис од одговорниот царински службеник, и се заведува во деловодната книга на одредишната царинска испостава.<br>3. Еден примерок од извештајот останува во архивата на одредишната царинската испостава, а вториот примерок од извештајот кон кого се приклучуваат сите потврдени докуметни (листовите со бр. 5 од ЕЦД за транзит) се испраќа до појдовната царинска испостава исклучиво преку пошта или со доставна книга.<br>4. Кон извештајот се поднесуваат и фотокопии од листот со бр. 5 од ЕЦД за случаите за кои е утврдена определена неправилност и кои се означени со забелешката ″Разлики″.<br>5. За сите случаи кога е надминат рокот за ставање на увид на стоките во одредишната царинска испостава во извештајот треба да биде наведена посебна забелешка и да се достават содветните документи (копија од доказите за оправдано задоцнување или копија од записникот за царински прекршок).<br>6. Испраќањето на извештаите и потврдените документи треба да се врши на крајот на смената кај граничните царински испостави, односно на крајот на работниот ден кај внатрешните царински испостави, а по исклучок во наредниот ден за сите документи кои се потврдени во претходниот ден. |

## Б-1-5-2 Постапување на појдовниот царински орган

Раздолжување на транзитната постапка се врши кога појдовната царинска испостава ќе утврди дека постапката е правилно завршена. Тоа ќе го направи кога ќе ги добие од одредишната царинска испостава компјутерските извештаи заедно со сите наведени листови со број 5 од ЕЦД за транзит наменети за потврда на прием и ќе ги спореди со листовите број 1 од ЕЦД за транзит.

Потврдите за прием (листот со број 5 од ЕЦД) мора да пристигнат кај појдовната царинска испостава најмногу во рок од еден месец.

Царинскиот службеник во појдовната царинска испостава треба:

- да утврди дали кон извештајот се приложени сите наведени потврди на прием (листови со бр. 5 на ЕЦД);
- да ги спореди информациите од листот со број 1 со листот со број 5 на ЕЦД;
- да провери дали е надминат определениот рок за ставање на увид на стоките во одредишната царинска испостава;
- да провери дали се наведени определни забелешки кои укажуваат на некои неправилности;
- да ја раздолжи транзитната постапка ако информациите на листот со број 1 и листот со број 5 се сложуваат и ако не се откриени никакви неправилности.

Појдовниот царински орган не смее да ги смета за валидни добиените потврди на прием кои ќе бидат испратени надвор од дневниот компјутерски извештај добиен од одредишниот царински орган. За вака добиените потврди на прием треба веднаш да се извести Секторот за контрола и истраги.

Појдовниот царински орган не смее да ги раздолжи транзитните ЕЦД-а за кои има добиено фотокопија од листот бр. 5 и кои се означени со забелешката "Разлики" се додека не се изврши наплата на настанатиот царинскиот долг.

Во случаите кога во извештајот од одредишната царинска испостава ќе бидат добиени потврди на прием на транзитни или извозни декларации за кои е надминат определениот рок за ставање на увид на стоките во одредишната царинска испостава и за кои спротивно на ова Упатство не е наведена соодветна забелешка и нема доставно соодветни докази или копии од записник за прекршок потребно е веднаш да се извести Секторот за контрола и истраги.

Во случаите кога при споредбата на царинските документи и потврдите за прием ќе се утврдата определени неусогласености, транзитната постапка нема да биде раздолжена и веднаш треба да се побаат дополнителни објаснувања од одредишната царинска испостава,

а по потреба да се извести, главниот обврзник и Секторот за контрола и истраги.

## *Б-1-6 Проверка на завршување на постапката*

*УСЦЗ член 242 и 243*

Во случаите кога појдовната царинска испостава во рок од еден месец нема да ги добие документите со кои се врши потврда на прием (листот со број 5 од ЕЦД и посебните делови од ТИР карнетот) потребно е да се започне постапката за проверка на завршувањето на постапката.

Исто така, ако царинскиот орган добие од друго место информации дека транзитната постапка не е правилно завршена, или ако се сомнева дека постапката не е правилно завршена треба веднаш да започне постапка за проверка на завршувањето на постапката, односно дополнителна проверка на потврдување на приемот.

Оваа постапка ќе се започне и ако дополнително се дознае или ако се сомнева дека добиената потврда на прием е фалсификувана или неправилно издадена.

### Б-1-6-1 Дејствија во појдовниот царински орган

1. Да се извести главниот обврзник или неговиот застапник (наведен во рубрика 50 од ЕЦД) дека по истекот на еден месец од прифаќањето на транзитната декларација не се добиени податоци за завршувањето на транзитната постапка и од него да се побараат дополнителни податоци. Известувањето се врши на образецот даден во прилог В на ова упатство;

2. Главниот обврзник или неговиот застапник може да достави информации со кои процесот на потврдување на приемот може да биде поефикасен. Потврдата за поднесување од точка Б-1-4-5 не може да се користи како документ за раздолжување на транзитната постапка. Потврдувањето на приемот од одредишната царинска испостава претставува единствен редовен начин за раздолжување на транзитната постапка во појдовната царинска испостава.

3. По истекот на два месеци од прифаќањето на транзитната декларација да се започне испитна постапка за добивање на потребните информации за завршување на постапката или, кога ова не е можно да се докаже, да се утврди дали настанал царински долг и да се идентификува должникот. Испитна постапка започнува кога појдовниот царински орган испраќа на одредишниот царински орган барање дадено во Прилог Г на ова упатство заедно со соодветните компјутерски извештаи за нераздолжен транзит од МАКЦИС со цел да се добијат информации потребни за раздолжување на постапката;

4. Ако во одговорот на барањето појдовниот царински орган ја добие копијата бр. 5 од ЕЦД без забелешки за било какви неправилности може да се изврши вообичаеното раздолжување на транзитната деклрација.

## Б-1-6-2 Дејствија во одредишната царинска испостава

1. По приемот на барањето, одредишната царинска испостава ќе направи **истрага** во која треба да се утврди дали стоките и транзитните документи биле ставени на увид и постапката била завршена во нивната царинска испостава. (во истрагата освен увидот во царинската документација треба да се направат и дополнителни истраги како на пример: евиденцијата во системот на камери, размена на информации со други органи (полиција), а по потреба и со органите од соседната земја).

2. Ако стоките и документите биле ставени на увид и постапката била завршена, и при тоа листот со број 5 од ЕЦД *веќе бил испратен* меѓутоа заради некои причини тој сеуште *не е пристигнат* во појдовната царинска испостава, своите наоди испоставата ги наведува во барањето и копија од листот број 4 го приложува кон барањето и ги враќа во појдовната царинска испостава.

3. Ако стоките и документите биле ставени на увид и постапката била завршена, меѓутоа листот со број 5 од ЕЦД *сеуште не е испратен* во појдовната царинска испостава, своите наоди испоставата ги наведува во барањето и листот број 5 ЕЦД го приложува кон барањето и **веднаш** ги враќа во појдовната царинска испостава.

4. Ако се обезбедат податоци дека стоките биле ставени на увид без заведени релевантни транзитни документи, своите наоди испоставата ги наведува во барањето и копија од документите со кои се даваат индиции дека за стоките завршила транзитната операција, ги приложува кон барањето и ги враќа во појдовната царинска испостава, а копија испраќа во Секторот за контрола и истраги. Во овој случај треба да се утврди кои царински службеници се одговорни за направените пропусти и за нив да се започне постапката за утврдување на дисциплинска одговорност.

5. Ако од спроведената истрагата и увидот во царинската документација, како и дополнително спроведените истраги како на пример: евиденцијата во системот на камери, размена на информации со други органи (полиција), а по потреба и со органите од соседната земја не може да се утврди дека стоките биле ставени на увид во одредишната царинска испостава тоа се наведува во барањето и истата се враќа на појдовната царинска испостава, а копија се испраќа до Секторот за контрола и истраги.

## *Б-1-7 Дејствија во појдовната царинска испостава во случај кога одредишната царинска испостава не го потврдува приемот на стоките*

Ако во рок од еден месец по испраќањето на барањето појдовниот царински испостава не добие одговор од одредишниот царински орган, појдовниот царински орган треба да испрати потсетник за испратено барање и копија од претходно испратеното барање до одредишниот царински орган на образецот даден во прилог Д на ова упатство.

Копија од потсетникот за испратеното барање задолжително треба да се испрати до Управникот на соодветната Царинарница.

### Б-1-7-1 Формирање на комисија

Доколку појдовната царинска испостава добие информација од одредишната царинска испостава или од главниот обврзник, односно неговиот застапник, дека стоките биле ставени на увид без релевантни транзитни документи, Управникот на Царинарницата формира комисија која ќе ги испита поднесените алтернативни докази за завршување на постапката.

### Б-1-7-2 Алтернативни докази од страна на главниот обврзник

Алтернативни докази кои ги обезбедува главниот обврзник и кои може да се прифатат за раздолжување на транзитот се:

1. Оригинална царинска декларација со која стоките се ставаат во царинска постапка издадена од странски царински органи;

2. Фотокопии или препис на царинска декларација заверени како верни на оригиналот од страна странски царински органи со кои стоките се ставаат во некоја царинска постапка

Примери на царински декларации кои може да се прифатат се царински декларации со кои стоките се ставени во некоја царинска постапка во странство (на пример ЕЦД за транзит, ЕЦД за пуштање во слободен промет и сл.)

Алтернативните докази може да се прифатат единствено ако од документите на задоволителен начин може да се идентификуваат предметните стоки.

Ако од царинските документи неможе во потполност да се идентификуваат предметните стоки како дополнителни докази може да се прифатат: испратници, докуметни за истовар/утовар, товарни листови, фактури, докази за плаќање, нарачки и слично под услов истите да може да се поврзат со предметните царински декларации.

Дополнителните докази служат само за дополнително идентификување на стоките и истите не може да се прифатат како алтернативен доказ доколку не се приложени кон оригинална царинска декларација или фотокопија, односно препис на царинска декларација која е заверена како верна на оригиналот од странски царински орган.

Во случаите кога за стоката која е сместена во едно возило се изготвени повеќе царински декларации и притоа некои од царинските декларации се правилно раздолжени, а некои не се раздолжени како алтрнативни докази може да се користат правилно раздолежените царински декларации. Во овие случаи при оценката на прифатливоста на алтернативните докази треба да се утврди дали при излезот на стоките од царинското подрачје на Република Македонија бил извршен преглед на стоките и дали резултатите од извршениот преглед може да укажуваат дека алтернативните докази неможе да се прифатат како валидни докази во постапката на раздолжување.

## Б-1-7-3 Одлучување на комисијата

Комисијата може со писмена одлука да одлучи:

*1. да ги прифати алтернативните докази*, доколку не постојат никакви сомневања во нивната веродостојност.

Во овој случај врз основа на одлуката на комисијата транзитната декларација се раздолжува во појдовната царинска испостава.

*2. условно да ги прифати алтернативните докази* и истите да ги прати на дополнителна проверка во земјата која истите ги издала.

Во овој случај Комисијата ги наведува причините за сомневање во поднесените алтернативни докази, и истите преку Царинската управа ги праќа на проверка кај странскиот царински орган. За оваа одлука писмено го известува појдовниот царински орган при што мора да се наведе дека, доколку во рокот на важност на инструментот за обезбедување не се добие позитивен одговор тогаш поднесените алтернативни докази треба да се одбијат.

Појдовниот царински орган не врши раздолжување на транзитната декларација се до добивање на позитивен одговор или извршување на наплатата на царинскиот долг од поднесената банкарската гаранција.

- Ако до истекот на рокот на важност на банкарската гаранција не се добие позитивен одговор појдовниот царински орган се смета дека царинскиот долг настанал и треба да се започне постапка за негова наплата (за повеќе детали види во Упатството Б3 - Царинскиот долг во транзитна постапка)

3. *да ги одбие алтернативните докази.*

Во овој случај Комисијата ги наведува причините за одбивање на поднесените алтернативни докази и го известува појдовниот царински орган.

Појдовниот царински орган не врши раздолжување на транзитната декларација се до извршување на наплата на царинскиот долг од поднесената банкарската гаранција. (за повеќе детали види во Упатството Б3 - Царинскиот долг во транзитна постапка)

### Б-1-7-4 Постапка во случај стоката да не е ставена на увид во одредишниот царински орган

Доколку појдовниот царински орган добие информација од одредишниот царински орган дека **стоките не биле ставени на увид во одредишниот царински орган,** треба да започне постапка за наплата на царинскиот долг од поднесената банкарска гаранција. (за повеќе детали види во Упатството Б3 - Царинскиот долг во транзитна постапка)

Во овој случај се изготвува и записник за прекршок и започнува водењето на прекршочна постапка.

## *Б-1-8 Дополнителна проверка*

Појдовниот царински орган ќе врши дополнителна проврка на потврдата на прием за да провери дали податоците и печатите се точни и автентични. Такви проверки се вршат кога постои сомневање или можна измама. Освен тоа дополнителни провеки може да се врши врз основа на случаен избор.

Дополнителната проверка може да опфати и проверка на документи, обрасци, одобренија или податоци во врска со транзитната постапка.

Дополнителната проверка се врши на образец даден во Прилог Ѓ на ова Упатство. Причините за дополнителна проверка и резултатите од проверката се наведуваат на истиот образец.

**Упатството започнува да се применува од 01.01.2006 година.**

**ПРИЛОГ А**

**СПЕЦИФИКАЦИЈА**

за сите поднесени ЕЦД за стока натоварена во едно превозно средство

_____________________________________/__________

**Регистрација/држава на превозното средство**

| **Ред.бр** | **Број и датум на ЕЦД** | **Одредишна Ц.И.** | **Ставено на увид кај одредишна Ц.И. (број на ЕЦД, потпис, факсимил, службен печат)** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

Заклучно со реден број_____.

________________/_______

Појдовна Ц.И./Царински службеник М.П.

## Објаснување за пополнување на спецификацијата за сите поднесени ЕЦД за стока натоварена во едно превозно средство

Спецификацијата се употребува со цел секоја одредишна царинска испостава да има увид кој дел од стоката сместена во едно превозно средство е наменет за неа, кој дел од стоката е веќе оцаринет во друга одредишна царинска испостава, и кој дел од стоката треба да продолжи за друга одредишна царинска испостава.

Спецификацијата се изготвува во два еднакви примероци, од кои првиот се задржува во појдовната царинска испостава, како прилог на ЕЦД-то наведено под реден број 1 на спецификацијата, додека вториот примерок се приклучува кон листовите со број 4 и 5 на ЕЦД-то наведено под реден број 1 на спецификацијата, и му се дава на главниот обврзник.

Рубриките **Регистрација/држава на превозното средство**; **Ред.бр**; **Број и датум на ЕЦД**; **Одредишна Ц.И.**; **Заклучно со реден број**; **Појдовна Ц.И./Царински работник** ги пополнува појдовниот царински орган, додека рубриката **Ставено на увид кај одредишна Ц.И.** ја пополнува одредишниот царински орган.

Во првата одредишна царинска испостава, по завршувањето на постапката со стоката наменета за неа, се пополнува рубриката **Ставено на увид кај одредишна Ц.И.**, се задржува копија од спецификацијата, додека оргиналната спецификација се приклучува кон ЕЦД-то наменето за првиот нареден одредишен царински орган. Постапката се повторува се до последниот одредишен царински орган, кој што ја задржува оргиналната спецификација како прилог кон последното ЕЦД од спецификацијата.

## Пократки ориентациони времиња за завршување на транзитна постапка **ПРИЛОГ Б**

| | СКОПЈЕ 1010 | ТЕРМ. УВОЗ СК 1013 | ТЕРМ. ИЗВОЗ СК 1015 | КОНС. И САЕМ СК 1017 | ЖС ТРУБАРЕВО 1030 | АЕРОДРОМ СК 1050 | МИЛАДИНОВЦИ 1060 | БЛАЦЕ 1071 | ТЕТОВО 1080 | КУМАНОВО 2010 | ТАБАНОВЦЕ 2031 | Д.БАИР 2050 / 2051 | ШТИП 3010 | ДЕЛчЕВО 3030 / 3031 | ВЕЛЕС 3050 | БОГОРОДИЦА 4010 | ЖС ГЕВГЕЛИЈА 4020 | ДОЈРАН 4031 | КАВАДАРЦИ 4040, 4045 | СТРУМИЦА 4050 | НОВО СЕЛО 4061 | БИТОЛА 5010 | МЕЏИТЛИЈА 5021 | ПРИЛЕП 5030 | ОХРИД 5040 | АЕРОДОРМ ОХР. 5042 | СТРУГА 5060 | ЌАФАСАН 5071 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| СКОПЈЕ 1010 | | 1 | 1 | 1 | 1 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 5 | 4 | 7 | 3 | 6 | 6 | 7 | 4 | 6 | 7 | 6 | 7 | 5 | 7 | 7 | 7 | 7 |
| ТЕРМ. УВОЗ СК 1013 | 1 | | 1 | 1 | 1 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 5 | 4 | 7 | 3 | 6 | 6 | 7 | 4 | 6 | 7 | 6 | 7 | 5 | 7 | 7 | 7 | 7 |
| ТЕРМ. ИЗВОЗ СК 1015 | 1 | 1 | | 1 | 1 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 5 | 4 | 7 | 3 | 6 | 6 | 7 | 4 | 6 | 7 | 6 | 7 | 5 | 7 | 7 | 7 | 7 |
| КОНС. И САЕМ СК 1017 | 1 | 1 | 1 | | 1 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 5 | 4 | 7 | 3 | 6 | 6 | 7 | 4 | 6 | 7 | 6 | 7 | 5 | 7 | 7 | 7 | 7 |
| ЖС ТРУБАРЕВО 1030 | 1 | 1 | 1 | 1 | | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 5 | 4 | 7 | 3 | 6 | 6 | 7 | 4 | 6 | 7 | 7 | 7 | 5 | 7 | 7 | 7 | 7 |
| АЕРОДРОМ СК 1050 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | | 2 | 2 | 3 | 2 | 2 | 5 | 4 | 7 | 3 | 6 | 6 | 7 | 4 | 6 | 7 | 7 | 7 | 5 | 7 | 7 | 7 | 7 |
| МИЛАДИНОВЦИ 1060 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | | 2 | 3 | 1 | 2 | 5 | 4 | 7 | 3 | 7 | 7 | 7 | 4 | 6 | 7 | 7 | 7 | 6 | 7 | 7 | 7 | 8 |
| БЛАЦЕ 1071 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | | 3 | 3 | 3 | 5 | 5 | 8 | 3 | 7 | 7 | 7 | 5 | 7 | 7 | 7 | 8 | 6 | 7 | 7 | 7 | 8 |
| ТЕТОВО 1080 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 3 | 3 | 3 | | 4 | 4 | 6 | 5 | 8 | 4 | 8 | 8 | 8 | 6 | 7 | 8 | 6 | 6 | 5 | 5 | 5 | 5 | 6 |
| КУМАНОВО 2010 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 1 | 3 | 4 | | 1 | 3 | 3 | 6 | 3 | 7 | 7 | 7 | 5 | 5 | 6 | 7 | 7 | 5 | 8 | 8 | 8 | 9 |
| ТАБАНОВЦЕ 2031 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 3 | 4 | 1 | | 4 | 3 | 6 | 3 | 7 | 7 | 7 | 5 | 6 | 7 | 7 | 8 | 6 | 8 | 8 | 8 | 9 |
| Д.БАИР 2050 / 2051 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 6 | 3 | 4 | | 4 | 7 | 5 | 8 | 8 | 8 | 7 | 7 | 7 | 9 | 10 | 8 | 10 | 10 | 10 | 10 |
| ШТИП 3010 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 5 | 5 | 3 | 3 | 4 | | 4 | 2 | 5 | 5 | 5 | 3 | 3 | 4 | 6 | 6 | 5 | 8 | 8 | 8 | 9 |
| ДЕЛчЕВО 3030 / 3031 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 8 | 8 | 6 | 6 | 7 | 4 | | 5 | 6 | 6 | 6 | 6 | 4 | 5 | 9 | 9 | 8 | 10 | 10 | 11 | 11 |
| ВЕЛЕС 3050 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 4 | 3 | 3 | 5 | 2 | 5 | | 4 | 4 | 5 | 3 | 5 | 6 | 5 | 5 | 4 | 6 | 6 | 7 | 7 |
| БОГОРОДИЦА 4010 | 6 | 6 | 6 | 6 | 6 | 6 | 7 | 7 | 8 | 7 | 7 | 8 | 5 | 6 | 4 | | 1 | 2 | 3 | 3 | 3 | 7 | 7 | 6 | 8 | 8 | 9 | 9 |
| ЖС ГЕВГЕЛИЈА 4020 | 6 | 6 | 6 | 6 | 6 | 6 | 7 | 7 | 8 | 7 | 7 | 8 | 5 | 6 | 4 | 1 | | 2 | 3 | 3 | 3 | 7 | 7 | 6 | 8 | 8 | 9 | 9 |
| ДОЈРАН 4031 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 8 | 7 | 7 | 8 | 5 | 6 | 5 | 2 | 2 | | 4 | 2 | 3 | 7 | 7 | 6 | 9 | 9 | 9 | 10 |
| КАВАДАРЦИ 4040, 4045 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 5 | 6 | 5 | 5 | 7 | 3 | 6 | 3 | 3 | 3 | 4 | | 5 | 5 | 4 | 4 | 3 | 6 | 6 | 6 | 7 |
| СТРУМИЦА 4050 | 6 | 6 | 6 | 6 | 6 | 6 | 6 | 7 | 7 | 5 | 6 | 7 | 3 | 4 | 5 | 3 | 3 | 2 | 5 | | 2 | 7 | 7 | 6 | 9 | 9 | 9 | 10 |
| НОВО СЕЛО 4061 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 8 | 6 | 7 | 7 | 4 | 5 | 6 | 3 | 3 | 3 | 5 | 2 | | 8 | 8 | 7 | 9 | 9 | 10 | 10 |
| БИТОЛА 5010 | 6 | 6 | 6 | 6 | 7 | 7 | 7 | 7 | 6 | 7 | 7 | 9 | 6 | 9 | 5 | 7 | 7 | 7 | 4 | 7 | 8 | | 1 | 2 | 3 | 3 | 4 | 4 |
| МЕЏИТЛИЈА 5021 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 8 | 6 | 7 | 8 | 10 | 6 | 9 | 5 | 7 | 7 | 7 | 4 | 7 | 8 | 1 | | 3 | 3 | 3 | 4 | 4 |
| ПРИЛЕП 5030 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 6 | 6 | 5 | 5 | 6 | 8 | 5 | 8 | 4 | 6 | 6 | 6 | 3 | 6 | 7 | 2 | 3 | | 4 | 4 | 5 | 5 |
| ОХРИД 5040 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 5 | 8 | 8 | 10 | 8 | 10 | 6 | 8 | 8 | 9 | 6 | 9 | 9 | 3 | 3 | 4 | | 1 | 1 | 2 |
| АЕРОДОРМ ОХР. 5042 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 5 | 8 | 8 | 10 | 8 | 10 | 6 | 8 | 8 | 9 | 6 | 9 | 9 | 3 | 3 | 4 | 1 | | 1 | 1 |
| СТРУГА 5060 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 5 | 8 | 8 | 10 | 8 | 11 | 7 | 9 | 9 | 9 | 6 | 9 | 10 | 4 | 4 | 5 | 1 | 1 | | 1 |
| ЌАФАСАН 5071 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 8 | 8 | 6 | 9 | 9 | 10 | 9 | 11 | 7 | 9 | 9 | 10 | 7 | 10 | 10 | 4 | 4 | 5 | 2 | 1 | 1 | |

## ПРИЛОГ В

## ИЗВЕСТУВАЊЕ

(дека не се добиени податоци за завршувањето на транзитната постапка со барање на дополнителни податоци)

Царински орган ____________________________

Дел. Бр. ______________ од _____________20__ година.

До:________________________________/___________________________
Главен обврзник/даночен број

Со ова ве известуваме дека за транзитното ЕЦД

заведено на ден ________________________под број _________________

не се добиени податоци за завршување на транзитната постапка од

одредишниот царински орган _______________________.

Заради тоа бараме, што е можно побргу, а најкасно во рок од 15 дена, да ни ги доставите сите податоци со кои располагате, а кои што се однесуваат на текот и завршувањето на транзитната постапка започната со ова ЕЦД.

Во спротивно ќе започнеме испитна постапка, односно постапка за утврдување на царинскиот долг и наплата на истиот од поднесената гаранција.

Службен печат

Во …………………….. на …………………..

……………………………………………..
(Потпис)

_____________________

**ПРИЛОГ Г**

**БАРАЊЕ**
(испитна постапка)

Појдовен Царински орган ______________________________
Дел. Бр. _______________ од ______________20___ година.
До Ц.И.______________________

Со ова ве известуваме дека за транзитното ЕЦД
заведено на ден _________________________под број __________________
од вас како одредишен царински орган не е добиен листот бр. 5 од ЕЦД како доказ за за завршување на транзитната постапка.

Заради тоа бараме, што е можно побргу, а најкасно во рок од 15 дена, да ни ги доставите сите податоци со кои располагате, а кои што се однесуваат на завршувањето на транзитната постапка започната со ова ЕЦД.

Дополнителни податоци
☐ од главниот обврзник (прилог)
☐ други (прилог)

Во …………………….. на …………………..

……………………………………………………..
(Потпис)

Службен печат
______________________

*СЕ ПОПОЛНУВА ОД ОДРЕДИШНИОТ ЦАРИНСКИ ОРГАН*

Во врска со Вашето барање Ве известуваме дека:

Во …………………….. на …………………..

……………………………………………………..
(Потпис)

Службен печат
______________________

**ПРИЛОГ Д**

**ПОТСЕТНИК**
(за испратено барање)

| |
|---|
| Царински орган ____________________________<br><br>Дел. Бр. ______________ од _____________20___ година<br><br>До Ц.И.____________________ |
| Ве известуваме дека со акт дел бр.___________________ до вас испративме барање за дополнителни податоци кои што се однесуваат на завршувањето на транзитната постапка започната со ЕЦД<br><br>заведено на ден ________________________под број _________________.<br><br>Бидејќи до сега не добивме одговор на ова барање, повторно бараме да ни ги доставите сите податоци со кои располагате, а кои што се однесуваат на завршувањето на транзитната постапка започната со ова ЕЦД.<br><br>Службен печат<br><br>Во …………………….. на …………………..<br><br>……………………………………………..<br>(Потпис)<br><br>_____________________ |

## ПРИЛОГ Ѓ

## ДОПОЛНИТЕЛНА ПРОВЕРКА
(на потврдата на прием)

| |
|---|
| Царински орган ____________________________<br>Дел. Бр. ______________ од _____________20___ година<br>До Ц.И.____________________ |
| Бараме да проверите дали податоците и печатите од листот бр. 5 од ЕЦД број _______________________, кој што го добивме од вашата Ц.И. како доказ за за завршување на транзитната постапка се точни и автентични. |
| Причини за проверката: |
| Податоци кои посебно не интересираат: |
| Службен печат<br>Во …………………….. на …………………..<br>………………………………………………..<br>(Потпис)<br>_____________________ |

| *СЕ ПОПОЛНУВА ОД ОДРЕДИШНИОТ ЦАРИНСКИ ОРГАН* |
|---|
| Во врска со Вашето барање Ви потврдуваме дека:<br><br>Во …………………….. на …………………..<br>Службен печат<br>………………………………………………..<br>(Потпис)<br>_____________________ |

ПРИЛОГ 17 УСЦЗ

# ЗБИРНА ДЕКЛАРАЦИЈА

1

**Примерок за царинскиот орган**

| 1. Одговорно лице Број | ЗД<br>2. Обрасци / 3. Вкупен број на прилози | А. Царински орган |
|---|---|---|
| 4. Регистрација на превозното средство 5. Земја на утовар | | |
| 6. Место,ден и час на истовар 7. Место на поднесување 8. Гаранција | | |

| 9. ЗАДОЛЖУВАЊЕ | | | | В.РАЗДОЛЖУВАЊЕ | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Р.бр. | Претходен документ | Вид и број на колети<br>Ознака и опис на стоката | Бруто маса | Документ | Број на колети | Забелешки |
| | | | | | | |

В. Рок за поднесување на декларација

Датум на престанување на важноста на документот

Печат

10. Место и датум

Прегледал

Потпис и име и презиме на одговорното лице

## ПРИЛОГ 28 УСЦЗ

## СТОКА СО ПОГОЛЕМ РИЗИК ОД ИЗМАМА

| **Тарифен број** | **Опис на стока** | **Минимална количина** | **Шифра на чувствителност *** | **Минимален износ за поединечна гаранција** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 2208 20<br>2208 30<br>2208 40<br>2208 50<br>2208 60<br>2208 70<br>ex 2208 90 | Алкохол, алкохолни пијалоци и други алкохолни напитоци | 5 Хл. | 1 | 2.500 ЕУР/Хл. чист алкохол |
| 2402 10<br>2402 20<br>2402 90 | Пури, цигарилоси и цигари, од тутун или од замени за тутун | 35.000 парчиња | | 120 ЕУР/1.000 парчиња |
| 2710 | Нафтени деривати | 5 тона | | 2.000 ЕУР/тон |
| 220710 | Неденатуриран етил аклохол со содржина на алкохол 80% или поовеќе | 3 Хл. | | 2.500 ЕУР/Хл. чист алкохол |

(*) Кога се применуваат одредбите од Дел 2, Поглавје 2, Оддел 2 , Пододдел 7 (член 244 - член 248) од Уредбата и кога тарифниот број не е доволен за да може без дилема да се идентификува стоката од колона 2, тогаш мора да се употребува шифра на чувствителност од колона 4 и тарифен број од колона 1.

**ПРИЛОГ 33 од УСЦЗ**

**ОБЈАСНУВАЧКИ ЗАБЕЛЕШКИ ВО ВРСКА СО ТОВАРНИЦАТА**

ПОГЛАВЈЕ 1
Општо

1. Дефиниција

Товарницата е документ кој ги има карактеристиките опишани во овој прилог.

2. Образец на товарница

Само предната страна од образецот може да се употребува како товарница.

Товарницата содржи:

а) наслов “товарница”;
б) рубрика 70x55 милиметри, поделена на горен дел 70x15 милиметри и долниот дел 70x40 милиметри;
в) колони со следните наслови и со следниот редослед:
  - реден број,
  - ознаки, броеви, број и вид на пакувања, опис на стока,
  - земја на поаѓање / извоз,
  - бруто маса во килограми,
  - резервирано за службени забелешки.

Корисниците можат ширината на колоната да ја определат според нивните потреби. Мегутоа колоната насловена “резервирано за службени забелешки” мора секогаш да биде широка најмалку 30 милиметри. Корисниците исто така можат сами да одлучат како ке ги користат другите простори од оние наведени во точките (а), (б) и (в).

Хоризонтална линија мора да се повлече веднаш под последната ставка, а неискористениот простор мора да се прецрта како би се спречиле дополнителни додавања.

ПОГЛАВЈЕ 2
Податоци кои се внесуваат во различни наслови

1. Рубрика

Горен дел

Кога товарницата ја придружува транзитната декларација, главниот обврзник, мора да внесе ТМК во горниот дел на рубриката.

Горен дел

Податоците наведени во точка 4 од Поглавје 3 на овој Прилог мора да бидат внесени во овој дел од рубриката.

2. Колони

Сериски број

Секоја ставка наведена во товарницата мора да биде поставена до серискиот број.

Ознаки, броеви, број и вид на пакување, опис на стока.

Се даваат потребни податоци согласно прописот од член 72 од Царинскиот закон.

Кога товарницата придружува една транзитна декларација, листот мора да содржи податоци кои се внесени во рубриките: 31 (Пакување и опис на стока), 40 (Збирна декларација / претходен документ), 44 (Дополнителни информации, приложени документи, потврди и одобренија), и каде што е потребно, 33 (Тарифна ознака) и 38 (Нето маса (кг)) од транзитната декларација.

Земја на поаѓање / извоз

Се запишува името на земјата од која стоката се испраќа / извезува.

Бруто маса (кг)

Се внесуваат податоци впишани во рубрика 35 од Единствениот царински документ(согласно прописот од член 72 од Царинскиот закон).

## ПОГЛАВЈЕ 3
## Употреба на товарница

1. Кон транзитната декларација се приложуваат или само товарница или само еден или повеќе дополнителни листи прикачени кон неа.
2. Кога се користи товарница, рубриките 15 (Земја на поаѓање / извоз), 32 (број на наименување), 33 (тарифна ознака), 35 (бруто маса (кг)), 38 (нето маса (кг)), 40 (збирна декларација / претходен документ), и кога е потребно, 44 (дополнителна информација, издадени документи, уверенија и одобренија) од транзитната декларација мора да биде прецртана, и рубрика 31 (пакување и опис на стока) може да не биде употребена за запишување на ознаки, броеви, број и вид на пакување или опис на стока. Повикувањето на серискиот број и симболот на секој различен товарен лист треба да биде вметнат во рубрика 31 (пакување и опис на стока) од транзитната декларација.
3. Товарница мора да се издаде во ист број на примероци како и образецот на кој се однесува.

   Еден примерок од товарницата се поднесува кај појдовниот царински орган, кога транзитната декларација е изготвена со употреба на системот за електронска обработка на податоци, а податоците од товарницата се чуваат во системот на тој

царински орган. Во спротивно се поднесуваат најмалку 3 примероци од товарницата.

4. Кога транзитната декларација е регистрирана, товарницата мора да добие ист регистарски број како и образецот за кој се однесува. Овој број се внесува со употреба на печат, кој што го содржи името на појдовниот царински орган, или пак се внесува рачно. Ако бројот се внесува рачно, мора да биде заверен со службен печат на појдовниот царински орган.

   Царинскиот службеник кај појдовниот орган не е обврзан да ги потпише обрасците.

5. Кога неколку товарници се приложени кон еден образец за постапка на транзит, листите мора да содржат сериски број определен од страна на главниот обврзник, а бројот на приложените товарници мора да биде внесен во рубриката 4 (товарници) од дадениот документ.

**ПРИЛОГ 34 од УСЦЗ**
**ТОВАРНИЦА**

**ТОВАРНИЦА**

| **Реден број** | **Ознаки, броеви, броеви и вид на пакување; опис на стока** | **Земја на поагање/ извоз** | **Бруто тежина (кг)** | **Резервирано за службени забелешки** |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |

**(Потпис)**

## ПРИЛОГ 35 од УСЦЗ

## КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПЛОМБИТЕ

Пломбите од член 235 од оваа Уредба треба да ги имаат најмалку следните карактеристики и треба да го исполнуваат следниот технички опис:

(а) Основни карактеристики:

Пломбите мора:

1. да останат сигурни во редовната употреба;
2. лесно да се проверуваат и препознаваат;
3. да се изработени на начин кој што овозможува секое кршење или отстранување да остава траги видливи со голо око;
4. да се направени за еднократна употреба или, ако се наменети за повеќекратна употреба, да бидат изработени на начин кој што овозможува при секоја повторна употреба да се додадат специфичните идентификациски ознаки;
5. да носат идентификациска ознака.

(б) Технички опис:

1. обликот и димензиите на пломбата можат да варираат зависно од употребениот начин на пломбирање, но димензиите мораат да бидат такви што ќе осигураат лесно читање на идентификациските ознаки;
2. идентификациските ознаки на пломбите мора да биде така направени да е невозможно да се фалсификуваат и да не се едноставни за повторна изработка;
3. користениот материјал мора да биде отпорен на случајно кршење и таков да спречува незабележливо фалсификување или повторна употреба.

**ПРИЛОГ 36 од УСЦЗ**

ТЦ 11 -ПОТВРДА

---

Одредишен царински орган ………………………………………………………..............

со ова потврдува дека документот ТМК--------------------------------
заведен на ден ………………………………….. под број ……………………….

кај појдовниот царинскиот орган …………………………..................
е поднесен.

Службен печат

Во …………………….. на …………………..

……………………………………………….
(Потпис)

______________________